Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2840/4 од 07.07.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 2-та седница одржана на 07.07.2025 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 05-2869/1
07.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# О Д Л У К А

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, бр.05-1883/1 од 25.04.2025 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 202.429.722,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства наменети за:

- обезбедување податоци добиени со електронско мерење, за гледаноста на платеното политичко рекламирање со детални податоци за емитување ППР (платено политичко рекламирање) на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори во 2025 година, во износ од 515.000,00 денари;
- закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници, во износ од 710.000,00 денари и
- обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери /влогери/ креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ за период од 6 (шест) месеци, во износ од 300.000,00 денари.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се изврши со измена на следните позиции:

- Групната ставка **417 – Интелектуални и други расходи** се зголеми за 43.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 21.739.000,00 денари, изнесува 21.782.000,00 денари.
- Позицијата **417800 – Други неспомнати услуги - истажување** се зголеми за 43.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 3.510.000,00 денари, изнесува 3.553.000,00 денари. На оваа позиција се изврши прераспределба на средства и тоа се земаа 472.000,00 денари кои беа планирани за изработка на анализа за оправданоста за воведување даночни олеснувања за регионалните и локалните радиодифузери и за непрофитните радиодифузни установи, кои не се искористени и истите се пренаменија за обезбедување податоци добиени со електронско мерење за гледаноста на платеното политичко рекламирање со детални податоци за емитување ППР (платено политичко рекламирање) на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори во 2025 година. За овие податоци ни се потребни 515.000,00 денари и од таа причина остатокот од 43.000,00 денари се дообезбеди од средствата наменети за други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата, на која ставка се потрошија помалку средства од планираните.

- Групната ставка **418 – Останати други расходи** се зголеми за 1.010.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.572.000,00 денари, изнесува 6.582.000,00 денари;
- Позицијата **418800 – Други расходи** се зголеми за 1.010.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.572.000,00 денари, изнесува 6.582.000,00 денари. Овие средства во износ од 1.010.000,00 денари, се наменети за закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници во износ од 710.000,00 денари и за обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери /влогери/ креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ за период од 6 (шест) месеци, во износ од 300.000,00 денари.

- Групната ставка **414 – надоместоци на трошоци на работници и граѓани** се намали за 390.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 12.095.000,00 денари, изнесува 11.705.000,00 денари.
- Позицијата **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** се намали за 390.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.450.000,00 денари, изнесува 6.060.000,00 денари. Од овие средства, 43.000,00 денари се наменети за обезбедување податоци добиени со електронско мерење, за гледаноста на платеното политичко рекламирање со детални податоци за емитување ППР (платено политичко рекламирање) на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори во 2025 година, додека остатокот на средства во износ од 347.000,00 денари се наменети за закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници.
- Групната ставка **417 – Интелектуални и други расходи** се намали за 246.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 21.782.000,00 денари, изнесува 21.536.000,00 денари.
- Позицијата **417100 – Договорни услуги** се намали за 246.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 16.779.000,00 денари, изнесува 16.533.000,00 денари. Овие средства во износ од 246.000,00 денари се наменети за закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници.
- Групната ставка **460 – Вкалкулирани плати** се намали за 417.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 101.146.722,00 денари, изнесува 100.729.722,00 денари. Од овие 417.000,00 денари, средствата во износ од 117.000,00 денари се наменети за закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници, додека останататите средства во износ од 300.000,00 денари се наменети за обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери /влогери/ креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ за период од 6 (шест) месеци. Намалувањето на оваа групна ставка, повлекува намалување на следните позиции:
- Позицијата **460000 – Нето плати и надомести на плати** се намали за 273.297,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 66.108.612,00 денари, изнесува 65.835.315,00 денари;
- Позицијата **460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати** се намали за 26.943,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.717.029,00 денари, изнесува 6.690.086,00 денари;
- Позицијата **460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** се намали за 78.396,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 19.015.583,00 денари, изнесува 18.937.187,00 денари;
- Позицијата **460310 – Придонес за вработување** се намали за 5.004,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.213.758,00 денари, изнесува 1.208.754,00 денари;
- Позицијата **460320 – Придонес за здравствено осигурување** се намали за 31.275,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 7.586.001,00 денар, изнесува 7.554.726,00 денари и
- Позицијата **460330 – Придонес за професионално заболување** се намали за 2.085,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 505.739,00 денари, изнесува 503.654,00 денари.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, со цел да се обезбедат средства наменети за обезбедување податоци добиени со електронско мерење, за гледаноста на платеното политичко рекламирање со детални податоци за емитување ППР (платено политичко рекламирање) на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори во 2025 година, во износ од 515.000,00 денари, закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници, во износ од 710.000,00 денари и обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери /влогери/ креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ за период од 6 (шест) месеци, во износ од 300.000,00 денари. За да се обезбедат овие средства се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година и тоа:

Групната ставка 417 – Интелектуални и други расходи се зголеми за 43.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 21.739.000,00 денари, изнесува 21.782.000,00 денари. Позицијата 417800 – Други неспомнати услуги - истажување се зголеми за 43.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 3.510.000,00 денари, изнесува 3.553.000,00 денари. На оваа позиција се изврши прераспределба на средства и тоа се земаа 472.000,00 денари кои беа планирани за изработка на анализа за оправданоста за воведување даночни олеснувања за регионалните и локалните радиодифузери и за непрофитните радиодифузни установи, кои не се искористени и истите се пренаменија за обезбедување податоци добиени со електронско мерење за гледаноста на платеното политичко рекламирање со детални податоци за емитување ППР (платено политичко рекламирање) на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори во 2025 година. За овие податоци ни се потребни 515.000,00 денари и од таа причина остатокот од 43.000,00 денари се дообезбеди од средствата наменети за други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата, на која ставка се потрошија помалку средства од планираните. Групната ставка 418 – Останати други расходи се зголеми за 1.010.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.572.000,00 денари, изнесува 6.582.000,00 денари. Позицијата 418800 – Други расходи се зголеми за 1.010.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.572.000,00 денари, изнесува 6.582.000,00 денари. Овие средства во износ од 1.010.000,00 денари, се наменети за закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници во износ од 710.000,00 денари и за обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери /влогери/ креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ за период од 6 (шест) месеци, во износ од 300.000,00 денари. Групната ставка 414 – надоместоци на трошоци на работници и граѓани се намали за 390.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 12.095.000,00 денари, изнесува 11.705.000,00 денари. Позицијата 414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата се намали за 390.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.450.000,00 денари, изнесува 6.060.000,00 денари. Од овие средства, 43.000,00 денари се наменети за обезбедување податоци добиени со електронско мерење, за гледаноста на платеното политичко рекламирање со детални податоци за емитување ППР (платено политичко рекламирање) на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори во 2025 година, додека остатокот на средства во износ од 347.000,00 денари се наменети за закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници. Групната ставка 417 – Интелектуални и други расходи ќе се намали за 246.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 21.782.000,00 денари, ќе изнесува 21.536.000,00 денари. Позицијата 417100 – Договорни услуги се намали за 246.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 16.779.000,00 денари, изнесува 16.533.000,00 денари. Овие средства во износ од 246.000,00 денари се наменети за закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници. Групната ставка 460 – Вкалкулирани плати се намали за 417.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 101.146.722,00 денари, изнесува 100.729.722,00 денари. Од овие 417.000,00 денари, средствата во износ од 117.000,00 денари, се наменети за закуп на простор за објавување на огласи во дневни весници, додека останататите средства во износ од 300.000,00 денари се наменети за обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери /влогери/ креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ за период од 6 (шест) месеци. Намалувањето на оваа групна ставка, повлече намалување на следните позиции: Позицијата 460000 – Нето плати и надомести на плати се намали за 273.297,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 66.108.612,00 денари, изнесува 65.835.315,00

денари. Позицијата 460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати се намали за 26.943,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.717.029,00 денари, изнесува 6.690.086,00 денари. Позицијата 460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување се намали за 78.396,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 19.015.583,00 денари, изнесува 18.937.187,00 денари. Позицијата 460310 – Придонес за вработување се намали за 5.004,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.213.758,00 денари, изнесува 1.208.754,00 денари. Позицијата 460320 – Придонес за здравствено осигурување се намали за 31.275,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 7.586.001,00 денар, изнесува 7.554.726,00 денари и Позицијата 460330 – Придонес за професионално заболување се намали за 2.085,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 505.739,00 денари, изнесува 503.654,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2025 година, вкупните планирани расходи според планот остануваат на претходно утврденото ниво, односно истите изнесуваат 202.429.722,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2840/4 од 07.07.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 2-та седница одржана на 07.07.2025 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

________________________

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.